Далибор ЈОВАНОВСКИ

# ТРИ БРИТАНСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПСЕЊЕТО И ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ХРИСТО ТАТАРЧЕВ ВО АТИНА ВО 1902 ГОДИНА

Христо Татарчев, еден од основачите на МРО, во септември 1902 година беше уапсен во Атина. Познатиот ресенчанец во грчката престолнина престојуваше со намера да се префрли на друг брод на пат за Солун, откако претходно беше ослободен врз база на амнестија, од затворот во Бодрум, кадешто ја одлежуваше казната изречена после познатата Солунска провала во 1901 година. Татарчев бил одведен во затворот Цингрос каде бил задржна скоро два месеца. Неговото апсење предизвика негативни реакции во Македонија, но и помеѓу македонскат емиграција во Бугарија. Тој беше ослободен кон крајот на октомври 1902 година бидејќи грчките судски органи немаа цврсти докази за неговата вина, иако не може да се исклучи и одреден притисок за негово ослободување. За неговото ослободување се зазема и познатиот британски новинар и дописник на лондонски Тајмс од Балканот, Баучер, кој постојано беше во контакт со грчките власти[1].

Татарчев беше уапсен од страна на грчката полиција под обвинение за вмешаност во атентатот врз грчкиот државјанин Ангелакис Сакелариос, извршен во Гуменџе во декември 1900 година. Сакелариос беше грчки државјанин кој работел како лекар во споменатиот град, но под плаштот на професијата делувал како еден од водачите на грчката пропаганда во тој дел од Македонија[2]. Тој со своето однесување не можеше да не дојде во судир со МРО, чии интереси беа различни од оние на Сакелариос. Грчкиот лекар, откако не го послуша предупредувањето на Организацијата, на 13 декември беше цел на атентат, кој успеа да го преживее. Обидот за убиство на Сакелариос предизвика бура од негодување во Грција, бидејќи овој лекар бил, како што нагласува францускиот амбасадор во Атина, некој вид столб на елинизмот[3]. Значењето на Сакелариос за грчките интереси најдобро го илуструра доаѓањето на грчкиот конзул од Солун, Евгенијадис, на местото на атентатот, во придружба на хирург[4]. За атентатот врз Сакелариос се разговараше и во грчкиот парла-

[1] Христо Татарчев, Ввтрешната македоно-одринска революциона организция като митологична и реална свщност, София, 1995, с. 117.

[2] Крсте Битоски, Апостол Петков Терзиев, Битола, 1988, с. 27-28.

[3] ДАРМ,м-182, d'Ormesson-Delcasse, Athenes, 29 decembre 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine, IV, f. 24.

[4] ДАРМ,м-182,- Delcasse, Salonique, 12 decembre 1900, AMAE, Turquie, PI, Macedoine IV.

мент, кога пратеникот Драгумис побара информација од владата во врска со настанот[5]. Тогаш стана пракса за сите позначајни случувања во Македонија, кои биле од интерес за Грција и Грците воопшто, да се разговара и во грчкиот парламент. Атинската влада, од своја страна, поднесе демарш до Портата барајќи итна истрага и казнување на атентаторите. Резултатите од грчките протести не биле големи, но атентатот нема да биде заборавен од страна на грчката влада.

Апсењето на еден од основачите на МРО се поклопи со засилените акции на апсења на македонски емигранти во Атина, блиски до Сарафов и на Македонци кои доаѓале во Грција да набавуваат оружје за потребите на МРО. Грчкиот крал Георгиос во септември 1902 година издал и специјален декрет за спречување на снабдување со оружје на македонските комитети[6]. Токму грчкиот крал ќе изрази жалење за ослободувањето на Татарчев.

Документите кои ги приложуваме во целост се однесуваат на апсењето и ослободувањето на Христо Татарчев и се наоѓаат во Државниот архив на Република Македонија.

**Док. 1**

Атина, 17 септември 1902

Мој лорде,

Господинот Заимис денеска ми рече дека Бугарите повторно предизвикувале проблеми во оваа земја и додаде, како одговор на распрашувањето од моја страна, дека полицијата им била во трага на новите разбојнички банди во Тесалија.

Во однос на овој предмет, јас можам да напоменам дека извесен г. Татарчев, кој наводно бил активен македонски конспиратор, скоро беше уап-сен во Пиреа под обвинение во врска со обидот за убиство на грчкиот државјанин Сакелариос во близината на Солун, пред околу осумнаесет месеци. Се говори дека тој само што бил ослободен од затвор во Мала Азија, каде бил затворен под обвинение за давање на медицинска помош на македонските бунтовници и бил на пат за Солун кога грчката полиција го уапсила. Господинот Заимис, на кого, при разговорот, му ја споменав работата, не ги потврди овие детали, но ми кажа дека случајот е под истрага и според грчките закони, фактот што злосторството против грчкиот државјанин, за што Татарчев беше обвинет, е извршено во странство не спречува тој да биде суден во оваа земја.

Имам чест...,
Френсис Стронг
(ДАРМ,м-395, FO 32/737)

---

[5] ДАРМ,м-177, Avarna-il ministro degli affari esteri, Atene, 5/18 decembre 1902, ASMAE.

[6] Edouard Driault et Michel Lheritier, Histoire diplomatique de la Grece de 1821 a nos jours, t. IV, Paris, 1926, p. 504.

**Док. 2**

Атина, 25 октомври 1902

Мој лорде,

Во однос на мојот извештај број 96 од 20-ти овој месец, имам чест да известам дека вчера беше ослободен др. Татарчев од затвор, доказите против него се покажаа недоволни за да го оправдаат неговото судење.

Имам чест...,
Френсис Стронг
(ДАРМ, м-395, FO 32/737)

**Док. 3**

Атина, 10 ноември 1902

Мој лорде,

Кога денес имав чест да бидам примен од кралот, неговото височество ми кажа дека грофот Голуховски бил помалку резервиран кон него отколку во минатото. Иако наклонет да го минимизира бугарското движење во Македонија, тој не се спротивстави на силно изразеното мислење на неговото височество дека е неопходно за Турците да ја следат и уништат секоја банда во Македонија и така да обесхрабрат нов упад на пролет.

Неговото височество беше многу вознемирено што неговата влада го пушти на слобода д-р Татарчев и други членови на бугарските банди. Таквата благост беше слабост и само ги охрабрува Бугарите, кои во нивната земја неодамна извршија акти на насилство врз грчките жители.

Имам чест...,
Е. Егертон
(ДАРМ, м-395, FO 32/737)